**Врз основа на член 13 став (3) од Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр.142/08, 64/09, 156/09, 166/10 53/11, 185/11,44/12, 15/13, 91/13, 170/13, 97/14, 113/14, 180/14 и 188/14), министерот за финансии донесе**

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДЏИНАТА НА МЕСЕЧНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА ИЗНОСОТ НА БРУТО НАДОМЕСТОКОТ УТВРДЕН ВО ДОГОВОРОТ ЗА ДЕЛО, АВТОРСКИОТ ДОГОВОР ИЛИ ДРУГ ДОГОВОР, ИСПЛАТЕНИОТ НЕТО НАДОМЕСТОК И ПРЕСМЕТАНИТЕ ПРИДОНЕСИ

**Службен весник на РМ, бр. 201 од 31.12.2014 година**

**Важи од 01.01.2015 година**

## Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на месечниот извештај за износот на бруто надоместокот утврден во договорот за дело, авторскиот договор или друг договор, исплатениот нето надоместок, пресметаниот придонес за задолжително пензиско и инвалидско осигурување и пресметаниот придонес за задолжително здравствено осигурување.

## Член 2

Месечниот извештај за износот на бруто надоместокот утврден во договорот за дело, авторскиот договор или друг договор, исплатениот нето надоместок и пресметаниот придонес за задолжително пензиско и инвалидско осигурување и пресметаниот придонес за задолжително здравствено осигурување се поднесува во електронска форма на образец „МИ-Д/ИН”, чија форма и содржина се дадени во Прилог кој е составен дел на овој правилник.

## Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 20-45815/1
30 декември 2014 година
Скопје

Министер за финансии,
**Зоран Ставрески,** с.р.